09-380/4
05-11-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 41 - та седница одржана на 30.10.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-1797/1 од 20.06.2025 година, оформен по пријава против службеното лице проф. д-р --------, декан на -------- факултет пр Универзитет „ ----------“ - Скопје, СЕ ЗАПИРА поради тоа што не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1797/1 од 20.06.2025 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител против службеното лице проф. д-р ---------, декан на --------факултет при Универзитет „ ----------“- Скопје.
Во пријавата се изнесени наводи за непотизам при вработување во Институтот за ------ и --------- „----------“, -------- факултет, Универзитет ---------- – Скопје. Имено, според наводите во пријавата, службеното лице проф. д-р -------- ја вработило својата внука од сестра, д-р ----------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба Државната комисија побара податоци и информации од ---------- факултет при Универзитет ---------- – Скопје и врз основа на извршен увид во доставената документација, го констатира следното:

- Д-р ---------- е вработена на ---------- факултет во Скопје на работно место „----------“ во Институтот за ---------- и ---------- при ---------- факултет во

состав на Универзитетот „---------- “ – Скопје, со договор за вработување бр. 04-3231/76 од 12.06.2025 година, склучен меѓу продеканот со овластување проф. д-р ----------и д-р ----------;

- Согласно Известувањето од Министерството за финансии бр. 19-679/2 од 28.01.2025 година, ---------- факултет во Скопје добил согласност за вработување на 16 (шеснаесет) лица, од кои 5 (пет) лица на работно место „---------- “;
- На ден 26.05.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха е објавен јавен оглас бр. 01/2025 од 26.05.2025 година за засновање а работен однос на 16 (шеснаесет) лица на ---------- факултет во Скопје.;
- За спроведување на јавниот оглас бр. 01/2025 од 26.05.2025 година, деканот на ---------- факултет во Скопје, проф. д-р ---------- со дадено Овластување за полноважно потпишување со број 03-3450/1 од 02.06.2025 година, го овластил продеканот за меѓународна соработка проф. д-р ----------за преземање на дејствијата во постапката за вработување;
- Од страна на продеканот формирана е комисија за селекција на кандидати по јавен оглас 01/2025 за работно место бр. 2 со бр. 04-3231/59 од 04.06.2025 година од вработени лица од Институтот за ----------и ----------, составена од три члена и тоа: доц. Д-р ----------, проф. д-р ----------и проф. д-р ----------;
- По спроведената постапка за селекција на кандидатите, Комисијата доставила предлог до продеканот за меѓународна соработка дека кандидатката д-р ---------- ги исполнува бараните општи и посебни услови за засновање работен однос на ---------- факултет, по што со истата е склучен договор за вработување.

Исто така, од страна на деканот проф. д-р ---------- доставена е Изјава заверена на нотар со бр. УЗП 1037/2026 со кое изјавува дека лицето д-р ---------- е негово блиско лице (внука од сестра) а согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека д-р ----------била избрана во постапка за вработување спроведена врз основа на претходно обезбедена согласност за вработување и објавен јавен оглас. Постапката за селекција била спроведена од страна на Комисија за селекција формирана од продеканот за меѓународна соработка, а врз основа на овластување дадено од деканот.
Комисијата за селекција била составена од три лица, кои ја спровеле постапката за селекција и утврдиле дека кандидатката ги исполнува општите и посебните услови за засновање работен однос. Врз основа на предлогот на Комисијата, со д-р ----------

бил склучен договор за вработување од страна на овластеното лице продеканот за меѓународна соработка.
Подоцна, по електронска пошта, пријавителот ја информира ДКСК дека до Основниот граѓански суд Скопје има поднесено Тужба со цел поништување на правен акт.

При вака утврдена фактичка состојба, а имајќи го предвид член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде е уредено дека „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“, Државната комисија во конкретниот случај не констатира постоење на судир на интереси и постапување спротивно на одредбите од член 73 до член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: С.К. – раководител на одделение
Согласен: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК